Од содржината на барањето за пристап до информации од јавен карактер произлегува дека подносителот бара толкување на Одлуката У.бр. 80/2021 од 25.01.2023 година, донесена од страна на Уставниот суд на Република Северна Македонија на начин што ќе се определи правното дејство на оваа Одлука на Судот во однос на други одлуки донесени од Општина Центар. Меѓутоа, со Уставот на Република Северна Македонија не е утврдена надлежност на Уставниот суд за толкување на неговите одлуки коишто се конечни и извршни. Исто така, Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/1992 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2019, 256/2020 и 65/2021), со кој се уредува начинот на работа и постапката пред Судот, не содржи одредби со кои е пропишана постапка за толкување на одлуките коишто ги донесува Судот. Оттука, Судот, ниту може да создаде, ниту да располага со информација од ваков вид.